Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата , денес (12 април 2016 година) упати јавен повик до Државната комисија за спречување на корупција да го почитува **Законот за спречување на корупција врз основа на кој е формирана**. Јавната реакција е резултат на изјавата на претседателот на ДКСК дадена на прес конференцијата одржана на 6 април 2016 година кога дозволи само делумен увид во анкетниот лист на поранешниот претседател на Владата на Република Македонија.

**Платформата ја оценува како несоодветна изјавата на претседателот на ДКСК**, а неговата постапка е **без законска основа**. Платформата укажува дека Законот не содржи одредба со која се уредува:

1. дека анкетниот лист ќе биде симнат од веб страницата на Државната комисија по престанокот на функцијата;
2. дека анкетните листови кои согласно законот треба да се доставаат во рок од 30 дена по престанок на функцијата, нема да бидат објавени.

Членките на Платформата ја повикаа Комисијата **да ги објави анкетните листови на сите членови на Комисијата** и потсетија дека **информациите во анкетните листови се од јавен интерес**, а потребата од увид во овие информации не треба никому посебно да му се објаснува и образложува.